| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воден сообраќај |
| **Содржина на денот** | Весели деца |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка и надвор со другарите. |
| **Активности** | Активноста ја започнуваме со разговор за пролетта и за нејзините карактеристики. Во продолжение детето ќе ја слуша песната за „Пролет” од детскиот фестивал Поточиња 2016. Потоа пристапувате кон совладување на движењата. Вие ги изведувате движењата и ги објаснувате, а Вашето дете ги повторува. Застанувате еден спроти друг, додека трае инструменталниот дел се движите со детето во еден замислен круг. Во првата строфа стоите исправени еден спроти друг. Со два чекори се движите нанапред и ги кревате рацете па ги спуштате истите надолу при што се наведнувате со главата како да се поклонувате.<br>Во втората строфа сте во исправена положба. Двете раце ги ставате на градите десната ја кревате накај устата па ја носите во хоризонтална насока и ја спуштате надолу.<br>Во третата се фаќате со детето под рака и се вртите во круг. На крајот од песната со детето стоите еден спроти друг, а истовремено ракоплескате со рацете.<br>Активноста завршете ја со прошетка во блиската околина и набљудувајте ја природата во пролет.<br>Во прилог линкот од песната:<br>Yotube.com/watch?v=4YFwnu2gihQ |